РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1943/2
______ г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ------- ----------, на продолжението на 41-та седница одржано на ден 12.11.2020 година донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот со број 12-2149 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2149/1 од 01.04.2019 година, доставена на електронската адреса на Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ------- --------, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 12- 2149 од 2019 година.

Предметот со број 12- 2149 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2149 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2149/1 од 01.04.2019 година, доставена на електронската адреса на Државната комисија за спречување на корупцијата од подносител -------- -----------.

Во пријавата се изнесени наводи против работењето на ЈП МЖ – Инфраструктура по однос на неправилности во постапка за унапредување на кадри во време на предизборен процес и се бара преиспитување на работењето и на важноста на одредбите од Законот за трансформација на работниот однос објавен во Службен Весник од 12.02.2015 година, бидејќи се форсирало вработување на синот на помошникот директор.

Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и констатира дека во доставената пријава не се содржани доволно елементи и дека станува збор за општи и нецелосни наводи, па заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, од подносителот на пријавата побара да достави дополнителни податоци и информации во кои ќе се содржани поопширни и поцелосни објаснувања во врска со

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

предметните наводи и заради потврдување на истите во прилог да достави копија од соодветна документација која евентуално ја поседува.

По разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, ДКСК утврди дека во случајот не се добиени дополнителните податоци и информации побарани од подносителот на пријавата по што, оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира и предметот се затвора и се архивира.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 12 ноември 2020 година под бр. 12- 1943/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:

- Архива

По заклучок на ДКСК ,
Изработил: Ј.Ц.,советник
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК